Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

Извадок на дел од дневни настани 10.08.2021

На 09.08.2021 во 15.40 часот на регионалниот пат Гостивар-Маврови Анови, во близина на местото викано „Бунец", полициски службеници од Полициското одделение Маврово ги лишиле од слобода Џ.К.(26) и Б.Х.(26), двајцата од гостиварско Врапчиште. При контрола во патничко возило „сеат ибица", со гостиварски регистарски ознаки, во кое се превезувале, биле пронајдени марихуана и ризла. По целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.08.2021 во 02.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово-ОВР Гостивар, ги лишиле од слобода лицата Б.А.(32) од Гостивар, И.Ф.(27) од гостиварска Горна Бањица и С.Ф.(33) од гостиварско Беловиште, затоа што кај нив бил пронајден кокаин. По целосно расчистување и документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.08.2021 во 14.30 часот на Граничен премин „Меѓународен аеродром Скопје" од слобода била лишена А.Ф.(25) од Словенија, затоа што при извршена проверка било констатирано дека се наоѓа во оперативната евиденција со мерка „апси", по барање на Секторот за меѓународна полициска соработка. Таа била приведена и предадена на полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар за понатамошна постапка.

На 10.09.2021 во 00.35 часот во тетовско Боговиње, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода М.С.(29) и Р.Б.(39), двајцата од Тетово. При контрола на патничко возило „ауди", со италијанска национална ознака, во кое се превезувале, биле пронајдени марихуана, дробилка и ризла. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.08.2021 во 10.45 часот во Полициското одделение Кичево, Н.С.(51) од с.Староец, кичевско, пријавила дека на улица „4 Јули" во Кичево била касната од куче скитник.

На 10.08.2021 во 00.05 часот на Граничен премин „Табановце" бил приведен Е.З.(22) од Република Албанија, затоа што при проверка било утврдено дека на увид приложил патна исправа на име на Д.Б.(23) од Република Албанија. Тој бил приведен и предаден во СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 10.08.2021 во 00.10 часот на подрачје на Полициска станица Аеродром, од слобода бил лишен Ф.Р.(41) од Куманово, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против Ф.Р. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.08.2021 во 16.00 часот во Полициската станица Кичево, Б.Ш.(36) од Кичево пријавила дека на Плоштадот во Кичево била касната од куче скитник.

На 10.09.2021 во 00.35 часот на подрачје на Полициско одделение Камењане, СВР Тетово, од слобода бил лишен Б.Р.(41) од Тетово, бидејќи кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот против Б.Р. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.08.2021 во 23.15 часот кај бензинска станица во с.Лојане, општина Липково, полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Север - Полициска станица за граничен надзор Сопот го лишиле од слобода Б.Н.(22) од с.Блаце, скопско.

При преглед во патничко возило „фолксваген голф", со скопски регистарски ознаки, што го управувал, бил пронајден пиштол „М57" со една рамка со пет куршуми калибар 7,62 мм, за кој не поседувал дозвола. Тој бил приведен и предаден на полициски службеници од СВР Куманово и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена пријава по член 396 од Кривичниот законик.

На 09.08.2021 во 22.00 часот во СВР Велес, В.Г.(24) од Велес пријавила дека на ул.„11 Октомври" во Велес била касната од куче скитник.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против И.М.(50) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При извршен преглед, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана.

На 09.08.2021 во 19.35 часот во ОВР Дебар било пријавено дека настанал пожар на нива-стрниште во атарот на селото Аме. Полициски службеници излегле на местото и ги затекнале А.Ш.(47) и З.К.(37), двајцата од истото село, кои појасниле дека при чистење на нивата, сопственост на нивниот соселанец Л.Џ., запалиле оган. Со интервенција на Територијалната противпожарна единица од Дебар пожарот бил целосно изгаснат. По целосно документирање на случајот, против нив ОВР Дебар ќе поднесе соодветна пријава.

На 09.08.2021 во 12.05 часот во Полициската станица Ресен било пријавено дека во Туристичката населба „Отешево" била пронајдена неексплодирана граната 47 мм од Втората светска војна. Гранатата била подигната од стручно лице од Дирекцијата за заштита и спасување за понатамошна постапка.

На 09.08.2021 во 14.00 часот, по наредба на Јавен обвинител, во Полициската станица Штип, во врска со пожарот што на 06.08.2021 настанал помеѓу селата Драгоево и Селце, штипско, на разговор бил повикан Е.Е.(43) од с.Селце. Исто така, по наредба на Јавен обвинител од лицето биле одземени и дадени на вештачење предмети за кои постои сомнение дека биле користени при извршување на делото. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 09.08.2021 во 12.30 часот во Полициската станица Свети Николе, 67-годишна жена од Свети Николе пријавила дека била измамена од едно лице. Според пријавеното, лицето дошло во дворот и на неа и нејзиниот сопруг им понудило огревни дрва, па откако се договориле веднаш да му платат само дел од сумата, лицето прифатило и ги зело парите, по што заминало, но не им донело дрва. Се преземаат мерки зарасчистување на случајот.

ОВР Кавадарци поднесе кривична пријава против П.М.(39) од Кавадарци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги психотропни супстанци и прекурсори". На 29.10.2020, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот во Кавадарци, при што пронашле и одзеле хероин, дигитална вага и пари.

На 09.08.2021 во 14.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во Клиничка болница Тетово со повреда од остар предмет била донесена Ш.З.(36) од село Гургурница, тетовско. Полициски службеници изгегле на лице место и од извршен разговор со членови на семејството било констатирано дека таа сама се повредила во домот, при обид да исече предмет. За настанот бил известен Јавен обвинител, а увид на местото извршила екипа од СВР Тетово. Се работи на комплетно расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Г.К.(36) од Струга, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". Во јуни 2020 година во Охрид пријавениот се запознал со М.Р., по што интензивно комуницирале на пријателска база и тој цело време тајно ја фотографирал и ги снимал сите меѓусебни телефонски разговори. Откако таа му укажала дека помеѓу нив има само пријателство, тој започнал да ја уценува и ѝ се закануал дека ќе објави нејзини фотографии со компромитирачка содржина доколку не му даде пари со цел да ги наруши нејзините чест и углед.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет